Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 2 од Одлуката за објавување на Оглас за финансиска подршка на проекти од обласа на културата за правни и физички лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година бр. 09-1788/18 од 07.03.2018 година, („Службен гласник на Општина Карпош бр. 3/2018) се објавува

# ОГЛАС
## за финансиска подршка на проекти од обласа на културата за правни и физички лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година

### I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани правни и физички лица регистрирани за дејности од обласа на културата со седиште на подрачјето на општина Карпош најмалку 3 (три) години, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко.

Конкурсот е за проекти од областите: издавачка дејност, фолклор, музичко-сценска дејност и ликовно - уметничка изложбена дејност.

Правните и физичките лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги барат средствата.

### II. Потребни документи и услови за учество

1. Да се достави изработено годишна програма за работа;
2. Финансиски план на програмата и
3. Документ за вршење дејности од обласа на културата со седиште на подрачјето на општина Карпош

### III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка на спортски клубови

1. Организациона поставеност;
2. Домашни и меѓународни настапи и организирање на културни манифестации
3. Постигнати успеси во последните 3 (три) години.

## IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Во зависност од приложените документи, Општина Карпош висината на финансиската поддршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се доставaт по пошта на ул. Радика бр. 9 - Скопје или во Архивата на Општина Карпош, барака бр.2, со ознака „Не отворај“ и со назнака „За финансиска подршка на проекти од обласа на културата за правни и физички лица од подрачјето на Општина Карпош за 2018 година “.

## VI. Рок за поднесување на документите

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 21.03.2018 година.
Документите кои не се комплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

**Комисија**
**за култура при совет на Општина Карпош**